интернет издание
www.dnevnik.com.mk
Дневник
Најнов број Насловна Број 2023 сабота, 18 март 2006



Powered by nextsense webBuilder
АВТОСВЕТ
абер www.aber.net.mk
граѓански СВЕТ во Македонија
QBE
Македонија НА КИОСЦИТЕ ВО ЕВРОПА





on line АНТЕНА
on line ВИКЕНД
Telekabel
EXPLORINGMACEDONIA.COM NATIONAL TOURISM PORTAL
Living Heritage Macedonia www.zivonasledstvo.org.mk
maksportnet.com
УВЕРЕТЕ СЕ ЗОШТО ДРУГИТЕ СЕ ЗАДОВОЛНИ ОД НАШИТЕ УСЛУГИ !

СКАНДАЛ ВО ДОМОТ НА КУЛТУРАТА ВО ПРИЛЕП

# Уметнички слики на познати македонски автори потопени во фекалии

**Над клозетот што прилепскиот Центар за современа ликовна уметност го користел како депо за уметнички слики имало друг клозет од кој со години се слевале фекалии, вели директорот на прилепскиот Дом на културата**



Делата на нашите автори во Прилеп имаа "посебен" третман

Во клозетот на Домот на културата во Прилеп директорот Благоја Ристески-Платнар нашол многу слики на познати македонски автори, меѓу кои и дела на Петар Мазев. Сликите биле потопени во фекалии, а клозетот десет години бил користен како депо на Центарот за современа ликовна уметност од Прилеп.

- Кога дојдов во Домот на културата побарав да се отвори клозетот што бил затворен десет години. Бев запрепастен, шокиран, направив скандал, тоа беше удар во супстанцијата на мојата професија. Центарот за современа ликовна уметност го користел клозетот како депо за слики. Над тој клозет има друг клозет, па оттаму течеле фекалии врз сликите од наши автори. Фекалиите уништиле едно дело на Мазев - вели Платнар, директор на Домот на културата.

Клозетот сега е саниран, а сликите се вратени во Центарот за современа уметност во Прилеп. Платнар за скандалот го информирал Министерството за култура, а вработените во Центарот за современа ликовна уметност случајот го образложиле со "немање простории каде да ги чуваат сликите".

Директорот на Домот на културата им понудил да ги користат подрумските простории во Домот на културата - околу 160 квадратни метри - но тие не прифатиле зашто "им било далеку таму да ги оставаат сликите".

- Вработените во прилепскиот Центар за современа ликовна уметност по скандалот, мислат дека имам нешто против нив. Напротив, јас само сакав да ги отворам "клозетите" во нивната свест. За иронијата да биде поголема, направив коктел по повод "пуштањето во употреба на клозетот". Поканив директори на познати прилепски фирми и заедно со културните работници ги информирав за случајот - вели Платнар.

Тој веќе еден месец е директор на Домот на културата во Прилеп. Објектот е исчистен, како и споменикот на Марко Цепенков во дворот, а се санирани и местата од каде што се слеваше атмосферската вода.

Ивана И. Манасиевска

© 2001 Дневник, сите права задржани